Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ ЗА 2019 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. Бр. | 01-445/3 | | Qeramedin Selimi |
| | | | [име и презиме] |
| | | | По овластување на Претседател на |
| Датум: | 15.4.2020 | | Инспекциски совет |
| Место: | Скопје | (м.п.) | |
| | | | [потпис] |

# СОДРЖИНА


1 Резиме ... 3

2 Управување со ризици ... 6

3 Организација и раководење ... 7

4 Инспекциски надзор ... 12

5 Обука на инспекторите и административните службеници ... 17

6 Буџет и финансирање ... 21

7 Меѓународна соработка ... 22

8 Други активности на инспекцискИТЕ службИ ... 23

9 Заклучоци и препораки ... 24


# ЛИСТА НА ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ


Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во годината, по звање ... 8

Табела 2 Преглед на бројот на инспектори во селектирани инспекциски служби во 2019 година, по вид, возраст и звање ... 9

Табела 3 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во 2019 година, во селектирани инспекциски служби ... 10

Табела 4 Вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид за 2019 година ... 13

Графикон 1 Просечен број на извршени надзори по инспектор, дневно ... 14

Графикон 2 Структура на видовите на инспекциски надзор по области и вкупно ... 14

Графикон 3 Структура на видови на инспекциски надзор по инспекциски служби ... 15

Графикон 4 Соодност на утврдени неправилности и вкупен број на редовни и вонредни инспекциски надзори ... 16

Табела 5 Приказ на обуки по инспекциски служби ... 17

Табела 6 Буџети на одделни инспекциски служби ... 21

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Агенција за лекови и медицински средства | МАЛМЕД |
| 2 | Агенција за млади и спорт | АМС |
| 3 | Агенција за храна и ветеринарство | АХВ |
| 4 | Дирекција за безбедност на класифицирани информации | ДБКИ |
| 5 | Дирекција за заштита и спасување | ДЗС |
| 6 | Дирекција за радијациона сигурност | ДРС |
| 7 | Државен архив на Република Северна Македонија | ДАРСМ |
| 8 | Државен девизен инспекторат | ДДИ |
| 9 | Државен инспекторат за градежништво и урбанизам | ДИГУ |
| 10 | Државен инспекторат за животна средина | ДИЖС |
| 11 | Државен инспекторат за земјоделство | ДИЗ |
| 12 | Државен инспекторат за локална самоуправа | ДИЛС |
| 13 | Државен инспекторат за просвета | ДИП |
| 14 | Државен инспекторат за техничка инспекција | ДИТИ |
| 15 | Државен инспекторат за транспорт | ДИТ |
| 16 | Државен инспекторат за шумарство и ловство | ДИШЛ |
| 17 | Државен комунален инспекторат | ДКИ |
| 18 | Државен пазарен инспекторат | ДПИ |
| 19 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | ДСЗИ |
| 20 | Државен трудов инспекторат | ДТИ |
| 21 | Државен управен инспекторат | ДУИ |
| 22 | Европска унија | ЕУ |
| 23 | Закон за инспекциски надзор | ЗИН |
| 24 | Инспекциски совет | ИС |
| 25 | Министерство за здравство – Сектор за хемикалии | МЗ-Хем. |
| 26 | Министерство за култура | МК |
| 27 | Министерство за транспорт и врски –Капетанија на пристаништата Охрид | МТВ-КПО |
| 28 | Министерство за труд и социјална политика | МТСП |
| 29 | Управа за заштита на железничкиот систем | УСЖС |
| 30 | Управа за заштита на културното наследство | УЗКН |
| 31 | Управа за јавни приходи | УЈП |
| 32 | Центар за управување со кризи | ЦУК |

# 1 РЕЗИМЕ

Инспекцискиот совет, согласно член 35, став (5) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19), доставува за информирање до Владата, Годишен извештај за работа на инспекциските служби за 2019 година, кој се објавува на веб страната на Советот.

Имајќи во предвид дека Законот за инспекциски надзор започна да се применува на 30.11.2019 година, овој Годишен извештај е подготвен врз основа на податоци и информации со кои располага Инспекцискиот совет и не секогаш ги следи содржината и формата на Годишниот извештај за работа на инспекциските служби, која е пропишана согласно Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 238/19).

Проценката на ризик е една од најважните новини кои ги донесува новиот ЗИН. Воведувањето на проценката на ризик ќе овозможи зголемување на квалитетот на процесот на планирање, но пред сѐ, зголемување на предвидливоста на инспекцискиот надзор, подобрување на транспарентноста на планирањето, зголемување на ефикасноста и ефективноста на инспекцискиот надзор и, секако, намалување на трошоците за спроведување на оваа функција на државата. Намалувањето на трошоците нема да биде само на страната на јавниот буџет, туку и на страната на буџетите на субјектите на надзор.

Овој извештај не е во можност да даде објективна слика на управувањето со ризиците на начин кој е пропишан со новиот ЗИН и соодветниот Правилник, бидејќи инспекциските служби започнаа со подготвување на своите Методологии за проценка на ризик на почетокот на 2020 година, така што нивната примена ќе започне со подготвувањето на Годишните планови за работа за 2021 година.

Во системот на координација на Советот се вклучени 27 инспекциски служби, од кои 14[1] се организирани како органи во состав на министерствата, односно како државни инспекторати за соодветната област, додека 13[2] претставуваат организациски единици за инспекциски надзор во состав на органите на државната управа, односно сектори или одделенија за инспекциски надзор.

Според податоците презентирани во Табела 1, во 2019 година, инспекциски надзор вршеле вкупно 818 инспектори, во 25[3] инспекциски служби. Во однос на 2017 година, вкупниот број на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во 2019 година, е намален за 156, односно за цели 16%. Најголем дел од ова намалување е резултат на значителниот пад на бројот на инспектори во ДПИ, кој е намален за дури 95 инспектори, во однос на 2017 година. Главните причини за тоа лежат во многу неповолната старосна структура на инспекторите во инспекциските служби и несоодветното планирање и управување со човечките ресурси. Неповолната старосна структура

---

[1]Со Законот за употреба на јазиците, формиран е уште еден Државен инспекторат за употреба на јазиците, кој во 2019 година се уште не започнал со работа.

[2]Со Законот за инспекциски надзор, инспекциската служба во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, веќе не е дел од системот за координација на Советот.

[3]ДДИ и УСЖС немаат доставено ниту еден квартален извештај за состојбите и работењето во 2019 година.

е особено изразена кај големите инспекциски служби (Табела 2). Во ДТИ 32,1% од инспекторите се постари од 60 години, додека кај ДСЗИ тој процент изнесува 23,2%, кај ДИЗ 21,3% и ДИП 20,7%.

Според новиот ЗИН, редовниот надзор се планира со годишниот и месечниот план за инспекциски надзор, а врз основа на проценката на ризик, вонредниот инспекциски надзор во месечниот план се презентира како број на очекувани вонредни надзори, додека контролниот инспекциски надзор се врши само по службена должност и како последица на веќе спроведен редовен или вонреден инспекциски надзор при кој е изречена инспекциска мерка.

Според податоците прикажани во Табела 4, во 2019 година од одделните инспекциски служби вкупно се реализирани 255.188 инспекциски надзори, од кои 145.694 редовни, 84.868 вонредни и 24.509 контролни надзори, додека при вршење на инспекциски надзори утврдени се 26.961 неправилности. Највисок просек на извршени инспекциски надзори по инспектор дневно има во АХВ каде инспекторите во просек дневно спроведувале по 3,07 инспекциски надзори, потоа ДИЛС со просек од 2,12 и ДИЗ со просек од 2,07 инспекциски надзори по инспектор дневно. На другата страна, најнизок просек имаат остварено инспекторите во УЗКН само 0,08 надзори по инспектор дневно, а следуваат инспекторите од МК со 0,16 и МТСП-СДЗ со 0,17.

Во однос на неправилностите, пак (Табела 4), во просек инспекциските служби утврдуваат 0,12 неправилности по надзор, а индивидуално тој однос има огромен распон од 0,02 односно 0,03 кај ЦУК и ДИЗ, до неразбирливи 1,25 кај ДБКИ и 1,00 кај УЗКН (Графикон 4).

Со донесувањето на Законот за инспекциски надзор воспоставен е целосно нов систем за развој и управување со инспекторите во инспекциските служби на централно ниво. Ваквиот систем ја препознава важноста на обуката во развојот на професионални и компетентни инспектори, кои претставуваат една од основните алки во успешното спроведување на законските и подзаконските акти во државата. Во таа насока, Инспекцискиот совет во текот на 2019 година, организираше повеќе обуки за инспекторите од сите инспекциски служби, на две теми и тоа „Методологија за вршење на инспекциски надзор и лични вештини“ и „Упатство за изготвување на Листите за проверка“. Покрај овие генерички обуки организирани од Инспекцискиот совет, повеќето инспекциски служби организираат специјализирани обуки на теми поврзани со нивниот делокруг на работа (Табела 5).

Буџетските средства со кои располагаат инспекциските служби не успеваат да ја покријат реализацијата на предвидените активности согласно нивните Годишни планови за работа. Најголем дел од буџетот е распределен за покривање на основните плати и придонесите за социјално осигурување на вработените, средства за патни и дневни расходи, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување, договори и услуги, други тековни расходи, купување на опрема и мебел, средства за набавка на компјутерски софтвер и купување на возила (Табела 6).

Поголем дел од инспекциските служби во рамките на своето работење, со цел полесно приближување кон ЕУ, соработуваат со внатрешните и надворешните институции кои ги покриваат областите кои ги третираат, имаат склучено и меморандуми за соработка со голем број институции.

## 2 УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Проценката на ризик е една од најважните новини кои ги донесува новиот ЗИН. Воведувањето на проценката на ризик ќе овозможи зголемување на квалитетот на процесот на планирање, но пред сѐ, зголемување на предвидливоста на инспекцискиот надзор, подобрување на транспарентноста на планирањето, зголемување на ефикасноста и ефективноста на инспекцискиот надзор и, секако, намалување на трошоците за спроведување на оваа функција на државата. Намалувањето на трошоците нема да биде само на страната на јавниот буџет, туку и на страната на буџетите на субјектите на надзор.

Проценката на ризик се прави во текот на подготвувањето на годишниот план за работа на инспекциската служба, според методологија за проценка на ризик, која ја донесува раководителот на инспекциската служба, по претходно мислење на Советот за усогласеност со Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик.

Во овој контекст, треба да се нагласи дека во овој извештај не е во можност да даде објективна слика на управувањето со ризиците на начин кој е пропишан со новиот ЗИН и соодветниот Правилник. Имено, во периодот на подготвување на овој Извештај, инспекциските служби, со поддршка на Инспекцискиот совет и проектната канцеларија на Проектот за поддршка на инспекциските служби[4], започнаа со подготвување на своите Методологии за проценка на ризик, така што нивната примена ќе започне со подготвувањето на Годишните планови за работа за 2021 година. Сепак, дел од инспекциските служби и досега на различни начини управуваа со ризиците и правеа напори за надминување на предизвиците.

[4]Проектот го спроведува ИДЕАС ДеПо, Скопје, а го финансира УСАИД

# 3 ОРГАНИЗАЦИЈА И РАКОВОДЕЊЕ

Организацијата и раководењето на инспекциските служби, еутврдена со Законот за инспекциски надзор, материјалните закони,кои се уште не се усогласени со новиот ЗИН, како и Правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места на инспекциските служби.

Според организациската поставеност, а во согласност со член 26 од ЗИН, инспекциските служби кои се во системот на координација на Советот, се организирани како органи во состав на министерствата, односно како државни инспекторати за соодветната област и такви постојат 14[5], како и организациски единици за инспекциски надзор во состав на органите на државната управа, односно како сектори или одделенија за инспекциски надзор и такви постојат 13[6].

Државните инспекторати ги раководат директори, додека со инспекциските служби организирани како сектори и одделенија, од 30 ноември 2019 година, раководат соодветните раководители на сектори или одделенија.

Во овој извештај даден е преглед и на состојбата со бројот на инспектори во инспекциските служби кои вршеле инспекциски надзори, со кои располага Инспекцискиот совет.Според податоците презентирани во Табела 1, подолу, во 2019 година, инспекциски надзор вршеле вкупно 818 инспектори, во 25[7]-те инспекциски служби.

Иако, овој број е релативно голем, сепак дури 71,3% од инспекторите се вработени во најголемите пет инспекциски служби (Табела 1 – означени со зелена боја), односно во ДПИ, ДТИ, ДИЗ, АХВ и ДИП. На спротивниот крај, најмалите шест инспекциски служби (Табела 1 – означени со розова боја), располагаат само со по 2 инспектори или вкупно заедно само 1,5% од вкупниот број на инспектори.

Од друга страна, во последните две години, вкупниот број на инспектори кои вршеле инспекциски надзор е намален за дури 156 или бројот на инспектори на крајот од 2019 година е помал за цели 16% во однос на крајот од 2017 година. Најголем дел од ова намалување е резултат на значителниот пад на бројот на инспектори во ДПИ, каде бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во 2019 година е помал за дури 95 инспектори, во однос на 2017 година.

Меѓутоа, намалување на бројот на инспектори има практично кај сите инспекциски служби, освен во ДИЖС, каде бројот е зголемен за скромни 3 инспектори или 17,6% и ДСЗИ со зголемување за еден инспектор.

Главните причини за тоа лежат во многу неповолната старосна структура на инспекторите во инспекциските служби и дотогаш несоодветното планирање и управување со човечките ресурси, за што Советот обрна особено внимание во Информацијата за кадровската екипираност на инспекциските служби во Република Македонија, со план за нивно доекипирање[8].

---

[5]Со Законот за употреба на јазиците, формиран е уште еден Државен инспекторат за употреба на јазиците, кој во 2019 година се уште не започнал со работа.

[6]Со Законот за инспекциски надзор, инспекциската служба во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, веќе не е дел од системот за координација на Советот.

[7]ДДИ и УСЖС немаат доставено ниту еден квартален извештај за состојбите и работењето во 2019 година.

[8]Информацијата е усвоена од Владата на РСМ, на 65-та седница одржана на 24.4.2018 година.

*Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во годината, по звање*

| РБ | Инспекциска служба | Б1 генерален инспектор | Б2 главен инспектор | Б3 пом. главен инспектор | Б4 виш инспектор | В1 советник инспектор | В2 самостоен инспектор | В3 помошник инспектор | В4 помлад инспектор | Вкупно Б | Вкупно В | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ДПИ | 0 | 1 | 0 | 7 | 95 | 4 | 1 | 32 | 8 | 132 | 140 |
| 2 | ДТИ | 1 | 0 | 1 | 41 | 57 | 0 | 4 | 8 | 43 | 69 | 112 |
| 3 | ДИТИ | 0 | 1 | 0 | 2 | 11 | 0 | 0 | 0 | 3 | 11 | 14 |
| 4 | ДДИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | ДИЖС | 0 | 2 | 0 | 2 | 15 | 0 | 0 | 1 | 4 | 16 | 20 |
| 6 | ДСЗИ | 1 | 1 | 0 | 10 | 14 | 0 | 12 | 5 | 12 | 31 | 43 |
| 7 | МАЛМЕД | 0 | 1 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 1 | 4 | 5 |
| 8 | МЗ-Хем. | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| 9 | ДРС | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| 10 | ДЗС | 0 | 1 | 1 | 1 | 16 | 0 | 0 | 0 | 3 | 16 | 19 |
| 11 | ЦУК | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| 12 | ДИТ | 0 | 0 | 0 | 0 | 22 | 0 | 0 | 1 | 0 | 23 | 23 |
| 13 | ДИГУ | 0 | 0 | 0 | 2 | 4 | 0 | 0 | 0 | 2 | 4 | 6 |
| 14 | ДКИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 1 | 0 | 4 | 4 |
| 15 | МТВ-КПО | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| 16 | УСЖС | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 17 | ДИЗ | 0 | 3 | 0 | 5 | 90 | 2 | 0 | 3 | 8 | 95 | 103 |
| 18 | ДИШЛ | 0 | 1 | 0 | 3 | 10 | 5 | 0 | 1 | 4 | 16 | 20 |
| 19 | АХВ | 0 | 0 | 0 | 4 | 133 | 2 | 9 | 22 | 4 | 166 | 170 |
| 20 | ДИП | 0 | 1 | 0 | 7 | 50 | 0 | 0 | 0 | 8 | 50 | 58 |
| 21 | МК-К | 0 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 4 |
| 22 | УЗКН | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 | 0 | 1 | 0 | 3 | 2 | 5 |
| 23 | ДУИ | 0 | 0 | 0 | 4 | 15 | 4 | 0 | 8 | 4 | 27 | 31 |
| 24 | ДИЛС | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 2 |
| 25 | ДАРСМ | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 6 | 0 | 10 | 10 |
| 26 | МТСП-СДЗ | 0 | 1 | 0 | 2 | 16 | 0 | 0 | 0 | 3 | 16 | 19 |
| 27 | АМС | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| | **ВКУПНО** | **2** | **15** | **4** | **94** | **570** | **17** | **27** | **89** | **115** | **703** | **818** |

Неповолната старосна структура и понатаму е особено изразена кај големите инспекциски служби (Табела 2), па така кај ДТИ скоро една третина или 32,1% од инспекторите се постари од 60 години, додека кај ДСЗИ тој процент изнесува 23,2%, кај ДИЗ 21,3% и ДИП 20,7%.

***Табела 2 Преглед на бројот на инспектори во селектирани инспекциски служби во 2019 година, по вид, возраст и звање***

| Звање на инспектор | Возраст на инспектор | Б1 – генерален инспектор | Б2 – главен инспектор | Б3 – пом. главен инспектор | Б4 – виш инспектор | В1– советник инспектор | В2 – самостоен инспектор | В3 – помошник инспектор | В4 – помлад инспектор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Државен инспектор за труд | <30 г. | | | | | | | 2 | 2 | 4 |
| | 31-40 г. | | | | 1 | 22 | | 1 | 5 | 29 |
| | 41-50 г. | | | | 1 | 13 | | | 1 | 15 |
| | 51-60 г. | | | | 5 | 22 | | 1 | | 28 |
| | >60 г. | 1 | | 1 | 34 | | | | | 36 |
| | Вкупно | 1 | 0 | 1 | 41 | 57 | 0 | 4 | 8 | 112 |
| Државен санитарен и здравствен инспектор | <30 г. | 1 | | | | | | | | 1 |
| | 31-40 г. | | | | | 1 | | 1 | 1 | 3 |
| | 41-50 г. | | | | | 1 | | 6 | 4 | 11 |
| | 51-60 г. | | 1 | | 8 | 5 | | 4 | | 18 |
| | >60 г. | | | | 2 | 7 | | 1 | | 10 |
| | Вкупно | 1 | 1 | 0 | 10 | 14 | 0 | 12 | 5 | 43 |
| Државен инспектор за земјоделство | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 41-50 г. | | | | 1 | 18 | | | 1 | 20 |
| | 51-60 г. | | 2 | | 2 | 16 | | | | 20 |
| | >60 г. | | | | 1 | 10 | | | | 11 |
| | Вкупно | 0 | 2 | 0 | 4 | 44 | 0 | 0 | 1 | 51 |
| Државен фитосанитарен инспектор | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | | | | | 8 | | | | 8 |
| | 41-50 г. | | | | | 9 | | | | 9 |
| | 51-60 г. | | 1 | | 1 | 19 | 2 | | 1 | 24 |
| | >60 г. | | | | | 10 | | | 1 | 11 |
| | Вкупно | 0 | 1 | 0 | 1 | 46 | 2 | 0 | 2 | 52 |
| Државен просветен инспектор | <30 г. | | | | | | | | | 0 |
| | 31-40 г. | | | | | 3 | | | | 3 |
| | 41-50 г. | | | | 1 | 18 | | | | 19 |
| | 51-60 г. | | 1 | | 1 | 22 | | | | 24 |
| | >60 г. | | | | 5 | 7 | | | | 12 |
| | Вкупно | 0 | 1 | 0 | 7 | 50 | 0 | 0 | 0 | 58 |

Сепак, за очекување е во наредниот период состојбата во оваа смисла да се подобрува, имајќи во вид дека новите вработувања, кои сè уште не се доволни, внесуваат помлад кадар во инспекциските служби. Имено, во неколку инспекциски служби во текот на 2019 година се вработени нови инспектори (Табела 3), но тие сè уште немаат стекнато лиценца за инспектор, па нивниот придонес се очекува да даде ефект во втората половина од 2020 година.

*Табела 3 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во 2019 година, во селектирани инспекциски служби*

| Инспекциска служба | Вработувања/ Пензионирања | Б1 – ген. инспектор | Б2 – главен инспектор | Б3 – пом. глав.инспектор | Б4 – виш инспектор | В1– советник инспектор | В2 – сам. инспектор | В3 – пом. инспектор | В4 – помлад инспектор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДТИ | Вработувања | | 2 | 2 | 1 | 3 | 2 | | | 10 |
| | Пензионирања | | | | | 7 | | | | 7 |
| | Разлика | 0 | 2 | 2 | 1 | -4 | 2 | 0 | 0 | 3 |
| ДИТИ | Вработувања | | | | 1 | | | | 3 | 4 |
| | Пензионирања | | | | | | | | | 0 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 | 4 |
| ДСЗИ | Вработувања | | | | | | | | 1 | 1 |
| | Пензионирања | | | | | 1 | | | | -1 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | -1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| МАЛМЕД | Вработувања | | | | | | | | 2 | 2 |
| | Пензионирања | | | | | | | | | 0 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| ДТИ | Вработувања | | | | | | | | | 0 |
| | Пензионирања | | | | | 2 | | | | 2 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | -2 | 0 | 0 | 0 | -2 |
| ДИГУ | Вработувања | | | | | 2 | 1 | | | 3 |
| | Пензионирања | | | | | | | | | 0 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| ДКИ | Вработувања | | | | | 2 | | | | 2 |
| | Пензионирања | | | | | 2 | | | | 2 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| МТВ-КПО | Вработувања | | | | | 1 | | | | 1 |
| | Пензионирања | | | | | 1 | | | | 1 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ДИЗ | Вработувања | | | | | 4 | 4 | 3 | 1 | 12 |
| | Пензионирања | | | | | 3 | | | | 3 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 4 | 3 | 1 | 9 |
| АХВ | Вработувања | | | | | 2 | | | | 2 |
| | Пензионирања | | | | | | | | | 0 |

| Инспекциска служба | Вработувања/ Пензионирања | Б1 – ген. инспектор | Б2 – главен инспектор | Б3 – пом. глав.инспектор | Б4 – виш инспектор | В1– советник инспектор | В2 – сам. инспектор | В3 – пом. инспектор | В4 – помлад инспектор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| ДИП | Вработувања | | | | | 13 | | | | 13 |
| | Пензионирања | | | | 1 | 2 | | | | 3 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | -1 | 11 | 0 | 0 | 0 | 10 |
| ДУИ | Вработувања | | | | | 5 | | | | 5 |
| | Пензионирања | | | | | 1 | | | | 1 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| ДАРСМ | Вработувања | | | | | | 1 | | 1 | 2 |
| | Пензионирања | | | | | | | | | 0 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 2 |
| МТСП-СДЗ | Вработувања | | | | | 2 | | | | 2 |
| | Пензионирања | | | | | | | | | 0 |
| | Разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 |

# 4 ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Инспекцискиотнадзорможе да биде редовен, вонреден и контролен. Според новиот ЗИН, редовниот надзор е планиран со годишниот и месечниот план за инспекциски надзор, а врз основа на проценката на ризик. Вонредниот инспекциски надзор во месечниот план се презентира како број на очекувани вонредни надзори. За спроведување на вонреден инспекциски надзор потребен е налог од директорот, односно раководителот на инспекциската служба, кој пак се издава по службена должност или по поднесени иницијативи од физичко или правно лице, како и по налог од Советот. Контролниот инспекциски надзор се врши само по службена должност и како последица на веќе спроведен редовен или вонреден инспекциски надзор при кој е изречена инспекциска мерка.

Во Табела 4 се прикажани вкупниот број на неправилности и инспекциски надзори,по вид, кои се извршени во 2019 година од одделните инспекциски служби. Според податоците од инспекциските служби кои имаат ги доставено, вкупно се реализирани 255.188инспекциски надзори, од кои 145.694 редовни, 84.868 вонредни и 24.509 контролни надзори, додека при вршење на инспекциски надзори утврдени се 26.961 неправилности.

По области на надлежност на Советот, најголем број на надзори се спроведени во Област 4 – земјоделство, шумарство, ветеринарство и безбедност на храна, вкупно 168.905 или 66,2%, а најмалку во Област 6 – управа, само 4.853 надзори или 1,2%.

По инспекциски служби најголем број на инспекциски надзори имаат спроведено, се разбира најголемите инспекциски служби (Табела 4 – означени со зелена боја). Но за да може да се согледа ефикасноста и продуктивноста на одделните инспекциски служби, потребно е да се утврди колкав е просечниот број на извршени инспекциски надзори по инспектор дневно. Во таа смисла, на ниво на инспекциски систем просекот изнесува 1,39 инспекциски надзори по инспектор дневно, додека по инспекциски служби состојбата е прикажана на Графиконот 1.

Структурата на видовите на инспекциски е важен показател за усогласеноста со барањата за спроведувањето на законодавството од страна на субјектите на надзор. Имено, целта е во структурата да доминираат редовни односно однапред планирани инспекциски надзори, додека бројот на вонредни надзори да биде што помал, имајќи во вид дека тие вообичаено се спроведуваат врз основа на поплака, жалба или слично. Во тој контекст, исто така и бројот на контролните надзори е важен показател за успешноста во спроведувањето на законодавството, бидејќи тие надзори се организираат само тогаш кога во претходна постапка при редовен или вонреден надзор е утврдена неправилност.

Во однос на структурата на видовите на инспекциски надзор по области на надлежност и вкупно (Графикон 2), евидентно е дека во 2019 година во вкупниот број на инспекциски надзори доминираат редовните инспекциски надзори, додека најмало учество имаат контролните надзори. Тоа укажува дека инспекциските служби имаат релативно добро планирање на својата работа, но сеуште е голем бројот и на вонредните надзори, кој во комбинација со бројот на контролни надзори, укажува на присуство на значителни неусогласености со законодавството кај субјектите на надзор (Графикон 3)

*Табела 4 Вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид за 2019 година*

| Ред. Бр. | Област/ Инсп.служба | Редовен | Вонреден | Контролен | Вкупно надзори | Вкупно неправилности | Неправилност / Надзор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I. | Област 1 | 20.874 | 20.007 | 13.279 | 54.160 | 11.075 | 0,27 |
| 1 | ДПИ | 7.183 | 14.156 | 7.931 | 29.270 | 5.215 | 0,24 |
| 2 | ДИТИ | 889 | 133 | 47 | 1.069 | 80 | 0,08 |
| 3 | ДТИ | 12.802 | 5.718 | 5.301 | 23.821 | 5.780 | 0,31 |
| 4 | *ДДИ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | #DIV/0! |
| II. | Област 2 | 7.672 | 2.958 | 1.593 | 12.223 | 1.624 | 0,15 |
| 5 | ДСЗИ | 4.724 | 1.634 | 974 | 7.332 | 1.147 | 0,18 |
| 6 | ДИЖС | 1.528 | 553 | 297 | 2.378 | 325 | 0,16 |
| 7 | МАЛМЕД | 133 | 302 | 29 | 464 | 36 | 0,08 |
| 8 | **МЗ-Хем. | 45 | 65 | 8 | 118 | 9 | 0,08 |
| 9 | ДЗС | 1.000 | 361 | 246 | 1.607 | 80 | 0,06 |
| 10 | ДРС | 142 | 43 | 39 | 224 | 40 | 0,22 |
| 11 | ЦУК | 100 | 0 | 0 | 100 | 2 | 0,02 |
| III. | Област 3 | 4.116 | 932 | 751 | 5.799 | 1.841 | 0,36 |
| 12 | ДКИ | 229 | 41 | 27 | 297 | 18 | 0,07 |
| 13 | ДИТ | 3.056 | 624 | 611 | 4.291 | 1.703 | 0,46 |
| 14 | ДИГУ | 792 | 194 | 110 | 1.096 | 97 | 0,10 |
| 15 | МТВ-КПО | 39 | 73 | 3 | 115 | 23 | 0,21 |
| 16 | *УСЖС | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | #DIV/0! |
| IV, | Област 4 | 103.901 | 58.088 | 6.916 | 168.905 | 9.358 | 0,06 |
| 17 | ДИЗ | 2.726 | 44.444 | 810 | 47.980 | 1.262 | 0,03 |
| 18 | ДИШЛ | 2.465 | 731 | 305 | 3.501 | 434 | 0,14 |
| 19 | АХВ | 98.710 | 12.913 | 5.801 | 117.424 | 7.662 | 0,07 |
| V. | Област 5 | 6.903 | 1.224 | 1.121 | 9.248 | 1.709 | 0,21 |
| 20 | **ДИП | 6.876 | 1.120 | 1.015 | 9.011 | 1.595 | 0,20 |
| 21 | **УЗКН | 1 | 48 | 42 | 91 | 49 | 1,00 |
| 22 | МК | 26 | 56 | 64 | 146 | 65 | 0,79 |
| VI. | Област 6 | 2.257 | 1.747 | 849 | 4.853 | 1.348 | 0,34 |
| 23 | ДУИ | 485 | 1.447 | 389 | 2.321 | 643 | 0,33 |
| 24 | ДАРМ | 497 | 0 | 181 | 678 | 239 | 0,48 |
| 25 | **ДБКИ | 62 | 3 | 17 | 82 | 81 | 1,25 |
| 26 | **ДИЛС | 910 | 41 | 1 | 952 | 0 | 0,00 |
| 27 | МТСП | 249 | 238 | 227 | 714 | 344 | 0,71 |
| 28 | АМС | 54 | 18 | 34 | 106 | 41 | 0,57 |
| | ВКУПНО | 145.723 | 84.956 | 24.509 | 255.188 | 26.970 | 0,12 |

*Заб:*

** инспекциски служби кои немаат доставено податоци за цела 2019 година*

*** инспекциски служби кои немаат доставено податоци за четврт квартал од 2019 година*

*Графикон 1 Просечен број на извршени надзори по инспектор, дневно*




*Графикон 2 Структура на видовите на инспекциски надзор по области и вкупно*




Сепак од Графиконот 3, кој ја претставува структурата на видовите на инспекциски надзор по инспекциски служби, може да се забележи дека многу инспекциски служби имаат исклучително неповолна структура, во која доминантна улога имаат вонредните надзори (ДПИ, МАЛМЕД, МЗ-Хем., МТВ-КПО, ДИЗ, УЗКН, ДУИ), а кај УЗКН и МК контролните надзори. Ваквата состојба укажува дека во одредени области на делување, значително е поголема „недисциплината" кај субјектите на надзор, поради што се појавуваат бројни причини за поднесување на претставки или иницијативи за вонреден инспекциски надзор. Од друга страна, тоа може да е резултат и на различните разбирања на видовите надзор кои се присутни кај различните инспекциски служби. Последното е прашање кое бара поинаков пристап со цел елиминирање на различностите во разбирањето.

***Графикон 3 Структура на видови на инспекциски надзор по инспекциски служби***




Во однос на неправилностите, два показатели се важни: 1) односотна бројот на вкупни неправилности, со вкупниот број на редовни и вонредни надзори, и 2)односот на бројот на контролни надзори, со бројот на утврдени неправилности. Во првиот случај колку е поблиску тој однос до 0 толку повеќе се почитуваат законските барања и обратно колку тој број се доближува кон 1, толку е поголемо непочитувањето на законските барања во определената област. Во таа смисла, од Табела 4, се гледа дека во просек инспекциските служби утврдуваат 0,12 неправилности на еден надзор. Меѓутоа ако се погледне индивидуално (Графикон 4), ќе се забележи дека тој однос има огромен распон од 0,02 односно 0,03 кај ЦУК и ДИЗ, до неразбирливи 1,25 кај ДБКИ и 1,00 кај УЗКН.

Во вториот случај, може да се забележи дека вкупниот број на контролни надзори е помал од вкупниот број на неправилности, што може да значи дека инспекциските служби не секогаш вршат контролни надзори за да проверат дали утврдената неправилност за која е изречена мерка, е отстранета. Меѓутоа, ако се погледнат податоците по инспекциски служби (Табела 4), ќе се забележи и обратна состојба, односно значително поголем број на контролни надзори од бројот на неправилности. Ваквата ситуација е во суштина невозможно и останува нејасно дали инспекциските служби правилно ги применуваат различните видови надзори во своето работење или пак постојат некои други причини за ваквите состојби.

*Графикон 4 Сооднос на утврдени неправилности и вкупен број на редовни и вонредни инспекциски надзори*



# 5 ОБУКА НА ИНСПЕКТОРИТЕ И АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Вложувањето во човечките ресурси е најважната инвестиција за одржлив развој на компетентна администрација. Тоа претпоставува развој на соодветни знаења и вештини кај инспекторите, следење на современите текови во методите на работењето и примена на новините од информатичко - комуникациските технологии.

Со донесувањето на Законот за инспекциски надзор воспоставен е целосно нов систем за развој и управување со инспекторите во инспекциските служби на централно ниво. Ваквиот систем ја препознава важноста на обуката во развојот на професионални и компетентни инспектори, кои претставуваат една од основните алки во успешното спроведување на законските и подзаконските акти во државата.

Целта на обуките за стручно усовршување на инспекторите е стекнување знаења за новитетите во надлежните области за вршење на инспекциски надзор за квалитетно извршување на службените овластувања за соодветните работни места, унапредување на вештините за професионално однесување при извршување на инспекцискиот надзор, како и изградба на личниот интегритет на инспекторите и подобрување на вештините поврзани со инспекцискиот надзор во надлежните област.

Овој процес го сочинуваат истражувања, анализи за потребите, развој на прирачници, студии на случај, модули за обуки како инструменти за ефективен социјален дијалог и колективното договарање. Се очекува дека интензивната модуларна обука за зајакнување на капацитетите на вработените во инспекциските служби, ќе овозможи учесниците да се стекнат со напредни знаења, вештини и компетенции поврзани со спроведувањето на ефикасен социјален дијалог на национално ниво и политиките на Европската унија (ЕУ).

Во ваков контекст, Инспекцискиот совет, во соработка проектот за Модернизација на инспекциските служби (финансиран од УСАИД, спроведуван од ИДЕАС ДеПо, Скопје), во текот на 2019 година организираше повеќе обуки на две теми, за инспекторите од сите инспекциски служби. Обуките од првата генеричка тема „Методологија за вршење на инспекциски надзор и лични вештини", беа спроведени регионално во Битола, Штип и Скопје, во текот на месеците февруари и март 2019 година. Обуките за втората тема „Упатство за изготвување на Листите за проверка", беа спроведени на почетокот на месец јули 2019 година.

Покрај овие генерички обуки организирани од Инспекцискиот совет, повеќето инспекциски служби организираат специјализирани обуки на теми поврзани со нивниот делокруг на работа.

Во Табела 5 е даден преглед на обуките кои ги имаат спроведено 10 инспекциски служби, во текот на 2019 година. Овие обуки се реализирани главно со поддршка од донаторската заедница, во рамките на проекти кои ги спроведуваат инспекциските служби или во рамките на меѓународната соработка.

*Табела 5 Приказ на обуки по инспекциски служби*

| Ред. Бр. | Инспекц. служба | Назив на обуката | Организатор на обуката | Датум и место на одржување |
|---|---|---|---|---|

| Ред. Бр. | Инспекц. служба | Назив на обуката | Организатор на обуката | Датум и место на одржување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Сите | Методологијазавршењенаинспекцискинадзориличниве штини | Инспекциски совет во соработка со МИОА и Проектот за УСАИД | Февруари – Март 2019, Битола, Штип и Скопје |
| 2 | Сите | Упатство за изготвување на Листите за проверка | Инспекцискиот совет во соработка со Проектот за УСАИД | Јули 2019 |
| 3 | ДИЗ | Безбедност и здравје при работа | ДИЗ | Февруари – Март 2019 |
| 4 | ДИЗ | Обука за рибарство | Европска комисија | Мај 2019, Скопје |
| 5 | ДИЗ | Експертска мисија за подготовка на стратегија за вршење на фитосанитарна инспекција базирана на ризик | TAEIX[9] | Мај 2019, Скопје |
| 6 | ДИЗ | Олеснување на трговијата во Југоисточна Европа | ГЗТ | Јуни 2019, Тирана, Албанија |
| 7 | ДИЗ | Програм за надзор и здравјето на растенијата | DG SANTE-Better Trainig for safe food | Декември 2019, Велес |
| 8 | ДИЗ | Ризик категорија во здравјето на растенијата | IPA проект и Светска банка | Декември 2019, Скопје |
| 9 | ДИЗ | Национална обука за надзор на штетниците кај растенијата | ФАО | Декември 2019, Скопје |
| 47 | ДИЗ | Поддршка за олеснување на трговијата помеѓу ЦЕФТА партнерите (Взаемно признавање на процедурите и документација за интра-ЦЕФТА трговија со овошје и зеленчук) | ГТЗ | Јули 2019, Скопје и Латвија |
| 48 | ДИЗ | Traces систем за увоз на живи растенија во ЕУ | Светска Банка | Јули 2019, Велес |
| 49 | ДИЗ | Студиска посета на ЛАТВИЈА (студиска посета на летонската служба за храна и ветеринарство) | DG SANTE Better Traning for Safe Food | Јули 2019, Скопје и Латвија |
| 50 | ДИЗ | Правила за увоз на растенија и растителни производи од 1 септември 2019 година | IPA проект | Септември 2019, Скопје |
| 51 | ДИЗ | Студиска посета на ЛАТВИЈА (студиска посета на летонската служба за храна и ветеринарство) | ГЗТ | Јули 2019 Скопје и Латвија |
| 52 | ДИЗ | Програмите за надзор на здравјето на растенијата – Сесија 6 | DG SANTE Better Traning for Safe Food | Септември 2019 Букурешт, Романија |
| 10 | ДИТИ | Правно усогласување и градење на капацитети за надзор на пазарот | Министерство за економија | Јануари – Март 2019 |
| 11 | ДИТ | Примена на одредбите од Законот за општа управна постапка и примена на Законот за превоз на опасни материи и за тахографите | ДИТ | Јануари – Март 2019<br>Април – Јуни 2019 |
| 12 | ДКИ | Обука за примена на новиот Закон за инспекциски надзор, Законот за прекршоци, Законот за заштита на животната средина и обука за изготвување на листите за проверка | | Март – Јуни 2019 |

[9]Инструмент на ЕК за техничка помош и размена на информации

| Ред. Бр. | Инспекц. служба | Назив на обуката | Организатор на обуката | Датум и место на одржување |
|---|---|---|---|---|
| 13 | ДКИ | Управување со комунален цврст отпад и План за заштита на Охридското езеро | Министерство за животна средина | Ноември 2019 |
| 14 | ДИГУ | Справување со незгодни лица и ситуации | | Ноември – Декември 2019, Охрид |
| 15 | МК | Насоки за примена на новиот Закон за прекршоци | Тренинг центар ЦЕС - Скопје | Септември 2019, Скопје |
| 16 | ДРС | Општи генерички и специјализирано обуки | МААЕ, Амбасада на САД, Скопје и ЕК | Прв и втор квартал 2019 |
| 17 | ДУИ | Насоки за примена на новиот Закон за прекршоци, Законот за општа управна постапка и Законот за управни спорови | МИОА | Четврт квартал од 2019 |
| 18 | ДУИ | Национална стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2020-2024 и Стратегија за стручно усовршување и обуки на инспекторите во државните инспекциски служби | ДКСК | Четврт квартал од 2019 |
| 19 | АХВ | Хигиена на храна и флексибилност, Сесија 4 | | Прв квартал 2019, Торино, Италија |
| 20 | АХВ | Посета на објект за преработка и конзервирање на млеко | | Прв квартал 2019, Лесковац, Р. Србија |
| 21 | АХВ | HACCP принципи и техники на вршење аудит, Сесија 9 | | Прв квартал 2019, Париз, Франција |
| 24 | АХВ | Хигиена на храна и флексибилност, Сесија 5 | | Прв квартал 2019, Загреб, Хрватска |
| 25 | АХВ | 17th Meeting of the National Contact Points for the Implementation of Directive 2010/63/EU | | Прв квартал 2019, Брисел, Белгија |
| 26 | АХВ | Обука од областа на безбедност на храна, ветеринарно јавно здравство и заштита и благосостојба на животните согласно програмата на DG SANTE-Better Trainig for safe food | TAEIX | Во текот на целата 2019 година |
| 27 | АХВ | Мерни инструменти, Програма за обука за пренесување на знаењето стекнато на меѓународни обуки | АХВ | Втор квартал 2019 |
| 28 | АХВ | Благосостојба на животни за време на производство на бројлери | | Втор квартал 2019, Хардервијк, Холандија |
| 29 | АХВ | Спречување, контрола и искоренување на TCE и нус – производи од животинско потекло – Сесија 3 | | Втор квартал 2019, Рен, Франција |
| 30 | АХВ | Contribution to the management of incidences of disease outbreak in waterbirds in Prespa | | Втор квартал 2019, Лемос, Р. Грција |
| 31 | АХВ | HACCP принципи и техники на вршење аудит – Сесија 12 | | Втор квартал 2019, Вилнус, Литванија |
| 32 | АХВ | TAIEX Study Visit on Implementation of bio security measures on pig farms and risk factors related to Classical and African swine fever | | Трет квартал 2019, Рига, Латвија |
| 33 | АХВ | Планирање итни мерки и контрола на преносливи болести кај животни - Сесија 9 | | Трет квартал 2019, Софија, Бугарија |

| Ред. Бр. | Инспекц. служба | Назив на обуката | Организатор на обуката | Датум и место на одржување |
|---|---|---|---|---|
| 34 | АХВ | Клинички случаи на Лигав и Шап | | Трет квартал 2019, Уганда, Африка |
| 35 | АХВ | 8th Training Session of Food Hygiene and Flexibility | | Трет квартал 2019, Штутгарт, Германија |
| 36 | АХВ | SecondRegional African Swine Fever Training - of Trainers Workshop | | Трет квартал 2019, Приштина, Р. Косово |
| 37 | АХВ | Контрола на движење на кучиња и мачки | | Трет квартал 2019, Парис, Франција |
| 38 | АХВ | Микробиолошки критериуми за храна - Сесија 5 | | Трет квартал 2019, Рига, Латвија |
| 39 | АХВ | HACCP принципи и техники на вршење аудит, Сесија 16 | | Четврт квартал 2019, Прага, Чешка |
| 40 | АХВ | Планирање на органско производство – Сесија 8 и 9 | | Четврт квартал 2019, Севиља, Шпанија |
| 41 | АХВ | Агенси за подобрување на својства на храната – Курс А, Сесија 6 | | Четврт квартал 2019, Амстердам, Холандија |
| 42 | АХВ | 2nd OIE Regional Workshop on the Role of Veterinary Services on Animal Welfare in Natural Disasters for Balkan countries | | Четврт квартал 2019, Сараево, Босна и Херцеговина |
| 43 | АХВ | Благосостојба на животни за време на производство на свињи | | Четврт квартал 2019, Олденбург, Германија |
| 44 | АХВ | Надзор при појава на африканска чума и управување со дивеч, Хигиена на храна и флексибилност, Сесија 10 | | Четврт квартал 2019, Загреб, Р. Хрватска |
| 45 | АХВ | Агенси за подобрување на својствата на храната – Курс А, Сесија 7 | | Четврт квартал 2019, Атина, Грција |
| 46 | АХВ | Regional workshop on Integrated Risk Management for SPS Agencies | | Четврт квартал 2019, Белград, Р. Србија |

# 6 БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

За остварување на законските обврски и цели на инспекциските служби потребни се буџетски средства. За жал, буџетските средства со кои располагаат инспекциските служби не успеваат да ја покријат реализацијата на предвидените активности согласно Годишниот план за работа.

Најголем дел од буџетот е распределен за покривање на основните плати и придонесите за социјално осигурување на вработените, средства за патни и дневни расходи, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување, договори и услуги, други тековни расходи, купување на опрема и мебел, средства за набавка на компјутерски софтвер и купување на возила.

Одобрениот буџет на некои од инспекциските служби е прикажан во Табела 6.

***Табела 6 Буџети на одделни инспекциски служби***

| Ставка / Инсп.служ. | ДИЗ | ДКИ | АХВ | ДИГУ | ДТИ | ДИП | ДУИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| плати и надоместоци | 81.900.000 | 7.980.000 | 164.858.000 | 11.340.000 | 97.400.000 | 69.000.000 | 26.099.936 |
| стоки и услуги | 44.532.000 | 3.700.000 | 62.418.000 | 2.840.000 | 15.500.000 | 9.970.000 | 4.550.000 |
| субвенции и трансфери | 200.000 | | | | | 600.000 | |
| капитални расходи | 20.450.000 | 5.000.000 | 20.000.000 | 1.050.000 | 6.400.000 | 10.200.000 | 1.010.000 |
| **ВКУПНО** | **147.082.000** | **16.680.000** | **247.276.000** | **15.230.000** | **119.300.000** | **89.770.000** | **31.659.936** |

** Забелешка: Останатите 20 инспекциски служби немаат доставено податоци за плати и надоместоци, стоки и услуги, субвенции и трансфери и капитални расходи, и од таа причина истите не се обработени.*

# 7 МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Меѓународната соработка е важен аспект од работата на повеќето инспекциски служби. Таа се одвива низ спроведување на меѓународно финансирани проекти, учество во регионални проекти, учество во работата на различни регионални и меѓународни организации во соодветните области, учество на работилници, семинари и други меѓународни конференции и настани, соработка со инспекторати од други држави и секако учество во процесите за приближување кон ЕУ.

Имено, со своето работење инспекциските служби,во рамките на својата надлежност, вршат сложени, стручно оперативни и аналитички задачи и активности за поддршка на целокупниот процес на ЕУ интеграцијата.

Истотака меѓународната соработкае значајна алатка, која на инспекциските служби им овозможува размена на искуства, усогласување со меѓународни и европски стандарди, што придонесува кон подобрување на нивната работа.

Во продолжение се презентирани неколку поважни меѓународни активности на одделни инспекциски служби.

ДИЗконтинуирано продолжува со меѓународната соработка за оперативна комуникација за потврдување на дневна основа на авторизацијата на фитосанитарните сертификати издадени од фитосанитарните инспектори во Република Северна Македонија.

ДСЗИучествувал на објаснувачкиот скрининг за Поглавје 27 – Животна средина и климатска акција и Поглавје 1 – Слободно движење на стоки, кој се одржал во Брисел.

АХВво рамките на својата надлежност учествува во работни групи во НПАА за Поглавје 12 - Безбедност на храна и ветеринарство и фитосанитарна политика.

ДИПвосоработка со Државниот просветен инспекторат од Шкотска, работи на подобрување на Индикаторите за квалитет за работа на училиштата.

ДРСостварува најинтензивна комуникација со Меѓународната агенција за атомска енергија, во чии рамки инспекторите имаат можност за учество на бројни тренинг курсеви, работилници, конференции, што придонесува за интензивирање на соработката со европските здруженија.

МАЛМЕДво соработка со Државната агенција за контрола на лекови наЛитванија, спроведува Твининг проект финансиран од ЕУ, чија цел е хармонизација на законодавството за лекови на РСМ со законодавството на ЕУ и градење капацитети за спроведување. Во рамките на проектот одржани се повеќе работилници и обуки во делот на добра производна пракса, добра дистрибутивна пракса и добра клиничка пракса.

# 8 ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ

Покрај вршењето на нивната основна задача, инспекциски надзор, инспекциските служби имаат и многу други активности кои се дел од редовната или помалку редовната работа. Овие други активности кои ги преземаат инспекциските служби за реализација на годишните планови за работа, вклучуваат пополнување на новоформираните организациски единици со нови човечки ресурси, обезбедување на буџетски средства наменети за работа на инспекциските служби, воспоставување на евиденции и бази на податоци за инспекциски надзор во посебен формат, обезбедување посебен софтвер, обука на инспекторите, одредени измени и дополнувања на законската регулатива и развојот на практични алатки, како на пример: листите за проверка (чек лист).

Една од тие други активности, е и обезбедувањето на информации за јавноста. Во таа смисла, инспекциските служби треба да ги почитуваат начелата на транспарентност и јавност во согласност со закон и на барање на заинтересираните правни и физички лица имаат должност да ги достават сите неопходни информации, освен информациите за кои со закон пристапот е ограничен.

Друг тип на активности на инспекциските служби е соработката,координацијата и консултациите со државните органи и други асоцијации, со цел за постигнување на поголема транспарентност и подобри резултати, постапување по нивните барања за решавање на проблемите кои се јавуваат и кои се во надлежност на инспекциските служби..

Исто така други активности на инспекциските служби вклучуваат активности за зголемување на транспарентноста, употребата и надградбата на ИТ системите, иновациите во работењето, унапредувањето и воведување на нови процедури и листи на проверка како и соработка со други институции.

# 9 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Една од целите на Инспекцискиот совет како координативно тело, е низ анализи, размена на мислења, воведување на иновации, спроведување на различни проекти и програми, постојано да пронаоѓа решенија за предизвиците со кои се соочуваат инспекциските служби во тековното работење, како и подобрување на процесот на заемна соработка. Во таа насока, Инспекцискиот совет постојано ја унапредува соработката со инспекциските служби, со цел градење на подобар инспекциски систем, кој ќе овозможи поголема транспарентност, предвидливост и правна сигурност за субјектите на надзор.

Во рамки на своите надлежности, инспекциските служби треба да се насочат кон унапредување на професионалното, стручното и транспарентното работење во реализирањето на Годишниот план за работа за 2020 година, како и доследна примена на Законот за инспекциски надзор.

Во таа смисла од исклучително значење е во текот на 2020 година што побрзо да се заврши процесот на усогласување на материјалните закони со одредбите на Законот за инспекциски надзор, бидејќи веќе се забележуваат одредени потешкотии од незавршувањето на овој процес, особено кај одделни инспекциски служби.

Успешноста на овој процес бара ангажман на инспекциските служби, но пред се на ресорните министерства кои се и формално одговорни за вршење на надзор над спроведувањето на материјалните закони, како и за покренување на процесите за нивно измени и дополнувања. Тука треба да се нагласи дека најголем број од овие материјални закони беа усогласени на ниво на предлог на закон, но за жал распуштањето на Собранието на РСМ во февруари 2020 година, ги остави овие процеси незавршени.